Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. УП1-11/4-1120/2019

Дата. 31 -10- 2019

ДО: Кабинет на министерот
Министер, Naser Nuredini
- тука

ПРЕДМЕТ: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за проектот: Насипна брана со придружни објекти “Отиња“ во општина Штип, за потребите на инвеститорот Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Насипна брана со придружни објекти “Отиња“ во општина Штип, за потребите на инвеститорот Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, на ден 28.10.2019 година изготви

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

# И З В Е Ш Т А Ј

за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Насипна брана со придружни објекти "Отиња" во општина Штип, за потребите на инвеститорот Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Насипна брана со придружни објекти "Отиња" во општина Штип, изработена од ДЕК "ДЕКОНС-ЕМА" ДООЕЛ од Скопје, со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина Менка Спировска дипл. биолог - експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со проектот инвеститорот има намера да изгради насипна брана со придружни објекти "Отиња" во општина Штип со цел искористување на водите од река Отиња. Предвидената брана е од типот на насипна брана со водонепропусен канал од глина. Новоформираната акумулација ќе обезбеди водоснабдување со технолошка вода, дополнување на водоводниот систем за водоснабдување на населението со свежа вода, обезбедување на гарантиран биолошки минимум и рекреација на населението.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, отпад, ерозија, бучава, вибрации, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза, и непредвидени незгоди (хаварии) во глава 6, глава 7, глава 8 и глава 9 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни, изготвен е План за управување со животната средина и општествената средина.

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Насипна брана со придружни објекти "Отиња" во општина Штип, за потребите на инвеститорот Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот – Насипна брана со придружни објекти "Отиња" во општина Штип, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на влијанија врз животната средина и природата.

Комисија:

1. Билјана Петкоска ____________
2. Александар Петковски ____________
3. Влатко Цветаноски ____________
4. Назим Алити ____________
5. Илбер Мирта ____________
6. Владо Атанасовски ____________
7. Даниела Ристова ____________